Архивски број: 08-491/3
Датум: 02-10-2023

Постапувајќи по претставката бр. 08 – 491/1 од 06.09.2023 година, поднесена од [redacted] од Скопје, со живеалиште на [redacted] против Општина Карпош, за заштита од дискриминација во областа на образование, наука и спорт, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација врз основа на член 21 став 1 точка 14 од Законот за спречување и заштита од дискриминација (Сл. Весник на РСМ бр. 258/2020) на 02.10.2023 годині, го донесе следниот

## ЗАКЛУЧОК
**За офрлање на претставката поради неуредност**

**СЕ ОТФРЛА** претставката за заштита од дискриминација во областа на образование, наука и спорт со бр. 08 – 491/1 од 06.09.2023 година, поднесена од [redacted] против Општина Карпош **ЗАРАДИ НЕУРЕДНОСТ.**

## Образложение

На 06.09.2023 година до Комисијата за спречување и заштита од дискриминација беше доставена претставка за заштита од дискриминација во областа образование, наука и спорт, од страна на [redacted] против Општина Карпош.

Согласно член 24 став 1 од Законот за спречување и заштита од дискриминација претставката треба да ги содржи следниве елементи: податоци за подносителот (име и презиме и адреса), податоци за лицето против кого се поднесува претставката (име и презиме и адреса), околностите и фактите врз кои се темели претставката (дескриптивен опис на настанот), податоци за правните дејства што претходно ги вложил подносителот, доколку ги има и потпис на подносителот.

Од причина што поднесената претставка не ги содржеше наведените елементи, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација согласно член 24, став 2 од Законот за спречување и заштита од дискриминација го задолжи подносителот истата да ја доуреди. Подносителот беше задолжен да ја доуреди претставката во насока што ќе достави дескриптивен опис на настанот по кој повод ја поднел претставката.

**Во законски предвидениот рок подносителот не ја доуреди претставката.**

Следствено на тоа Комисијата за спречување и заштита од дискриминација одлучи како во диспозитивот и ја отрфрли претставката со бр. 08 – 491/1 од 06.09.2023 година поради неуредност.

Скопје
02.10.2023 година

Комисија за спречување и заштита од дискриминација

Заменик претседател
Игор Јадровски

Доставено до:
- [redacted]